# P R E C E D E

Partnership for Reconciliation through Early Childhood Education and Development in Europe

ДОГОВОР ЗА ПОД-ГРАНТ

Бр. _______________

Склучен на ____________ помеѓу:

1. ________________________________ (долупотпишаниот Прва детска амбасада во светот Меѓаши)

и

2. __________________________________( долупотпишаниот Корисник)

**Член 1 - Цел**

Под-грантот е обезбеден од средствата на проектот "Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа - ПРЕЦЕДЕ", финансиран од Европската комисија.

Целта на овој Договор е доделувањето на под-грант од страна на Прва детска амбасада во светот Меѓаши за извршување на активноста под наслов ______________________ (како што е опишано во Анекс I.)

На корисникот ќе му се додели под-грант според правилата и условите утврдени во овој договор и анексите, кои корисникот изјавува дека ги разбира и прифаќа.

Корисникот го прима под-грантот и се согласува да ја спроведе соодветната акција на своја одговорност.

**Член 2 – Анекси**

Следниве документи се приложени кон овој договор и се составен дел на договорот:

- Анекс I - Опис на акцијата
- Анекс II - Буџет за акцијата
- Анекс III - Модел на наративен и финснсиски извештај
- Анекс IV - Правила за видливост

THIS PROJECT IS FUNDED BY THE EUROPEAN UNION
Instrument for Pre-accession Assistance (IPA) Civil Society Facility (CSF)

**Член 3 - Времетраење**

Овој договор ќе стапи на сила на датумот на потпишување ___________.

Периодот за реализација на проектот / настанот е од _______________ во согласност со Анекс I.

**Член 4 - Улоги и одговорности**

Прва детска амбасада во светот Меѓаши е одговорна за:

- исплаќање во согласност со договорот

- следење на реализација на акцијата

- одобрување на наративниот и на финансискиот извештај

Корисникот е одговорен за:

- спроведувањето на активностите во согласност со Анекс I и Анекс II и со овој Договор

- користење и почитување на правилата за видливост во согласност со Анекс IV

- обезбедување на наративен и финансиски извештај

- чување на оригиналните документи од проектот за најмалку седум години

- да одговорат на секое барање на Прва детска амбасада во светот Меѓаши во врска со спроведувањето на Акцијата

**Член 5 – Финансиски аспекти**

Званична валута е денар.

Прва детска амбасада во светот Меѓаши ќе направи трансфер на средства во висина од _________ на бројот на сметката на Корисникот __________ во ___________банка.

Корисникот ќе ги користи пренесените средства во согласност со Описот на акцијата (Анекс I) и Буџетот (Анекс II) и со овој Договор.

Сите пари потрошени во рамките на проектите од средствата од под-грантот мора да бидат поткрепени со потврди/сметки и други пропратни документи во согласност со законите на Република Македонија.

Корисникот треба да назначи две лица за одобрување (со потпишување) на било какво трошење на грантот или повлекување на пари од грантот од банка.

Во согласност со процедурите за секоја трансакција која се исплаќа од средствата добиени од фондовите на Европската комисија е неопходно да се ослободени од ДДВ. Начинот на плаќање и ослободувањето од ДДВ на трошоците ќе биде специфицирано посебно со секој од добитниците на под-грант во овој Договор кој ќе биде склучен меѓу Договорниот орган и апликантот, добитник на под-грант.

THIS PROJECT IS FUNDED BY THE EUROPEAN UNION
Instrument for Pre-accession Assistance (IPA) Civil Society Facility (CSF)

Несоодветни трошоци:

- Набавки на опрема како што се мебел и компјутери;
- Трошоци за постојните активности или иницијативи или предмети кои што обично се дел од финансирањето на централната или локалната самоуправа;
- Исплата на плати за вработените или дополнителни надоместоци;
- Плаќање за дополнителни редовни канцелариски ресурси како што се хартија, пенкала и книги;
- Исплаќање на стипендии;
- Спонзорство за учество на конференции дома или во странство;
- Исплаќање на долговите и покритие на загуби или задолженија.

Сите пари кои ќе се процени дека се потрошени надвор од договорениот проектен буџет / предлог или за било несоодветни активности / трошоци како што е наведено погоре, корисникот ќе треба да ги врати на Прва детска амбасада во светот Меѓаши.

Средствата кои ќе останат неискористени по завршувањето на проектот ќе бидат вратени на сметка на Прва детска амбасада во светот Меѓаши.

За било какво зголемување или намалување на износите на буџетските линии за повеќе од 10% од почетната буџетска линија, во текот на спроведувањето на акцијата, корисникот мора да добие писмена согласност на договорниот орган.

Ако во текот на спроведувањето имало локални финансиски придонеси, тие треба да бидат претставени во финансискиот извештај.

**Член 6 - Известување**

Наративни и финансиски извештаи треба да се достават најдоцна до 30 август 2016 година. Корисникот треба да ги користи пропишаните обрасци за известување.

Во прилог на наратвниот извештај треба да бидат: копии на сите промотивни материјали (вклучувајќи и информативни и рекламни материјали, како и било кој друг материјал - публикации, итн.) кои се користат/користеле во проектните активности, листи на учесниците, формулари за евалуација, дискови со слики од активностите / настаните.

Во прилог на финансискиот извештај треба да бидат : копии верни на оргиналот на сите финансиски документи (фактури, банкарски изводи, билети за транспорт, договори ...) потпишани од страна на одговорното лице на корисникот како и заверени со печатот на корисникот.

**Член 7 – Комуникација и видливост**

Секоја комуникација во врска со овој договор мора да биде во писмена форма, во која ќе се наведува бројот и насловот на акцијата и да се испрати на следната адреса:

За Прва детска амбасада во светот Меѓаши, ул. Коста Новаковиќ 22а, 1000 Скопје, е-маил: freelegalservice@childrensembassy.org.mk

THIS PROJECT IS FUNDED BY THE EUROPEAN UNION
Instrument for Pre-accession Assistance (IPA) Civil Society Facility (CSF)

За корисникот:

(име, адреса, е-пошта)

Корисникот на грантот ќе ги преземе сите неопходни мерки како би ја информирал јавноста за фактот дека Европската Унија ја финансираше или кофинансираше акцијата. Корисникот се обврзува дека сите такви активности ќе ги спроведе во согласност со правилата како што се наведени во Анекс IV.

**Член 8 - Виша сила**

Корисникот ќе остане единствено одговорен за спроведувањето на акцијата, освен во случај на виша сила. Терминот виша сила опишува било каков непредвидлив и ненадминлив надворешен настан за една од странките, а кој би го спречил извршувањето на обврските кои ги превземала странката како дел од овој договор.

**Член 9 - Друго**

Евентуалните проблеми и несогласувања кои може да произлезат од овој договор ќе се решат спогодбено. Во случај на спор, ќе биде надлежен Основниот суд Скопје 2.

Овој Договор е изготвен во два оригинални примероци, еден оригинал наменет за Прва детска амбасада во светот Меѓаши и еден оригинал за корисникот.

За корисникот

За Прва детска амбасада во светот Меѓаши договорниот орган

THIS PROJECT IS FUNDED BY THE EUROPEAN UNION
Instrument for Pre-accession Assistance (IPA) Civil Society Facility (CSF)